


# МЕНАЏЕР ЗА ПРОЕКТНО ФИНАНСИРАЊЕ

**Локација:** Скопје

**Работно време:** Полно работно време

**Сектор:** Сектор за корпоративни клиенти

**Оддел:** Служба за проектно финансирање

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

- **200 години групациско искуство - Erste & Steiermärkische Sparkasse**
- **континуирана обука и можност за кариерен развој**
- **приватно здравствено осигурување**
- **конкурентна плата и надоместоци**
- **мотивирачка организациска култура**
- **активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Детектирање на потенцијалните проекти и иницирање контакти и комерцијално следење на предложените проекти и нивна реализација по одобрувањето, согласно предвидената проектна документација;

Активно следење и запознавање со спецификите на пазарот, регулативата, главните учесници на релевантниот пазарен сегмент;

Анализа на потребите на клиентите, советување и продажба на соодветни продукти и услуги, имајќи ја во предвид профитабилноста и специфичните потреби на клиентите;

Подготовка на стратегија за соработка со клучните клиенти, која вклучува начини да се зголеми обемот на производи и услуги кои клиентот ги користи, како и подобрување на профитабилноста. Презентација и усогласување на стратегиите со стандардите на Групацијата;

Евалуација на тековните и потенцијалните проекти преку предвидување на паричните текови, квантифицирање на приносите на инвеститорите и утврдување на ризиците на проектите;

Активна соработка во процесот на финансиско моделирање за финансирање на проекти и помагање во екстерните евалуации и студии за проектите;

Актувно учество и координација во склучувањето на договорите со клиентот, обезбедувањето и исполнетоста на условите на финасирање;

Активно следење на фазите на реализација на проектот (вклучително и посета), следење на напредокот и идентификување на потенцијалните ризици;

Активно учество во регионалната комуникација со другите банки од Steiermärkische Sparkasse Групата, соработка во однос на стратегиите за клиентите, како и усогласување на понудите за клиентите. Обезбедување подобар профит од тие процеси во рамки на Банката и пошироко во регионот.

## Кои квалификации се потребни

ВСС / Економски факултет или соодветно високо образование;

Најмалку 3 години работно искуство во банкарски сектор ќе се смета за предност;

Активно познавање на работа со компјутер (МС Office);

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Одлични комуникациски и продажни вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок.

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **15.08.2024** со назнака **„Апликација за МЕНАЏЕР ЗА ПРОЕКТНО ФИНАНСИРАЊЕ “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината**